РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Бр. 09-232/6
09.05. 2023 год.

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата **38-та** седница, одржана на **27.5.2022** година, донесе:

# РЕШЕНИЕ

## за акредитација на Студиската програма „Информатика, насока Бизнис информатика", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Природно-математичкиот факултет при Универзитет во Тетово

1. Се акредитира Студиската програма **„Информатика, насока Бизнис информатика"**, прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Природно-математичкиот факултет при Универзитет во Тетово, согласно Законот за високото образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитацијата за Студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од академска **2022/2023** година.

3. По завршување на студиите на Студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академскиот назив: **Дипломиран по бизнис информатика** / во меѓународниот промет академскиот назив: **Bachelor of Business Informatics**.

4. Научно-истражувачко подрачје: 1 Природно-математички науки
Научно-истражувачко поле: 110 Информатика, 212 Компјутерска техника и информатика
Научно-истражувачка област: 11000 Информатика, 11002 Информациони системи и програмирање, 11003 Програмски јазици и системи, 11005 Вештачка интелегенција, 11007 Алгоритми, 11011 Развивање на софтвер и бази на податоци, 21200 Архитектура на сметачки системи, 21201 Програмски јазици и технологии, 21202 Информациски системи и мрежи, 21203 Бази на податоци, 21204 Обработка на информации, 21205 Вештачка интелегенција и системи, 21206 Процесирање на податоци, 21207 Организација и методологија на проектирање на сметачки системи и 21208 Друго.

5. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува **40** студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

Në bazë të nenit 48 paragrafi (2) pika 6, nenit 145 paragrafi (2) dhe nenit 227 të Ligjit për arsimin e lartë („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 82/18 dhe „Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 178/21), Bordi i Akreditimit të Arsimit të Lartë i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në mbledhjen e **38-të** mbajtur më **27. V. 2022** solli:

# AKTVENDIM

## për akreditimin e programit studimor „Informatikë, drejtimi Informatikë Biznesi", cikli i parë i studimeve akademike - studime deridiplomike (240 SETK), të Fakultetit të Shkencave Matematike-Natyrore në Universitetin e Tetovës

1. Akreditohet programi studimor **„Informatikë, drejtimi Informatikë Biznesi"**, cikli i parë i studimeve akademike - studime deridiplomike (240 SETK), të Fakultetit të Shkencave Matematike-Natyrore në Universitetin e Tetovës, në përputhje me Ligjin për arsimin e lartë*, Dekretin për normat dhe standardet për themelimin e institucionit të lartë arsimor dhe kryerjen e veprimtarisë së arsimit të lartë („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 103/10, 168/10 dhe 10/11) dhe Klasifikimi i sferave, fushave dhe lëmenjve shkencorë-hulumtues sipas Klasifikimit Ndërkombëtar të Fraskatit (e dhënë si Shtojcë 1 të Dekretit të theksuar).

2. Akreditimi i programit studimor nga pika 1 e këtij vendimi është për periudhën prej pesë vitesh studimore duke filluar nga viti akademik **2022/2023**.

3. Pas mbarimit të studimeve në programin studimor të pikës 1 të këtij vendimi, studenti fiton 240 SETK kredi dhe merr titullin akademik: **I diplomuar në informatikë biznesi** / në qarkullimin ndërkombëtar titullin akademik: **Bachelor of Business Informatics**.

4. Sfera shkencore-hulumtuese: 1 Shkencat matematike-natyrore
Fusha shkencore-hulumtuese: 110 Informatikë, 212 Teknika kompjuterike dhe informatikë
Lëmia shkencore-hulumtuese: 11000 Informatikë, 11002 Sistemet e informacionit dhe programimi, 11003 Gjuhët dhe sistemet programore, 11005 Inteligjenca artificiale, 11007 Algoritme, 11011 Zhvillimi i softuerit dhe bazave të të dhënave, 21200 Arkitektura e sistemeve kompjuterike, 21201 Gjuhët dhe teknologjitë programore, 21202 Sistemet dhe rrjetet e informacionit, 21203 Bazat e të dhënave, 21204 Përpuninimi i informacionit, 21205 Inteligjenca artificiale dhe sistemet, 21206 Përpunimi i të dhënave, 21207 Organizimi dhe metodologjia e projektimit të sistemeve kompjuterike dhe 21208 Tjetër.

5. Numri i studentëve që mund të regjistrohen në vitin e parë të programit studimor të përcaktuar në pikën 1 të këtij vendimi është **40** studentë.

6. Ky Aktvendim është përfundimtar dhe hyn në fuqi ditën e miratimit.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

## О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. **02-112/1** од **27.1.2022** година од страна на Сенатот на Универзитет во Тетово, за усвојување на Студиската програма **„Информатика, насока Бизнис информатика"**, прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Природно-математичкиот факултет при Универзитет во Тетово, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. **15-30/1** од **28.1.2022** година (наш бр. **08-232/1** од **31.1.2022** година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенцијата за квалитет во високото образование, на **42-та** седница, одржана на **14.9.2022** година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во Извештајот на Стручната комисија, бр. **08-232/3** од **30.6.2022** година, согласно Законот за високото образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области, според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата **38-та** седница, одржана на **27.5.2022** година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на Студиската програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

**проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова**

## A r s y e t i m

Pas Vendimit të miratuar më parë nr. **02-112/1** i datës **27. I. 2022** nga ana e Senatit të Universitetit të Tetovës, për miratim të programit studimor **„Informatikë, drejtimi Informatikë Biznesi"**, cikli i parë i studimeve akademike - studime deridiplomike (240 SETK), të Fakultetit të Shkencave Matematike-Natyrore në Universitetin e Tetovës, deri te Agjencia për Cilësi në Arsimin e Lartë, përkatësisht Bordi i Akreditimit të Arsimit të Lartë dorëzoi kërkesë me nr. e tyre **15-30/1** i datës **28. I. 2022** (nr. ynë **08-232/1** i datës **31. I. 2022**) për pranimin e elaboratit, përkatësisht akreditimin e programit studimor në fjalë.

Bordi i Akreditimit të Arsimit të Lartë, organ i Agjencisë për Cilësi në Arsimin e Lartë, në mbledhjen e **42-të** të mbajtur më **14. IX. 2022**, formoi Komision Profesional për shqyrtimin e kërkesës për akreditim me dokumentacionin e bashkëngjitur dhe përgatitjen e raportit lidhur me kërkesën dhe dokumentacionin.

Bazuar në vlerësimin pozitiv që përmban Raporti i Komisionit Profesional, nr. **08-232/3** i datës **30. VI. 2022**, në përputhje me Ligjin për arsimin e lartë*, Dekretin për normat dhe standardet për themelimin e institucionit të arsimit të lartë dhe kryerjen e veprimtarisë së arsimit të lartë („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 103/10, 168/10 dhe 10/11) dhe Klasifikimi i sferave, fushave dhe lëmenjve shkencorë-hulumtues sipas Klasifikimit Ndërkombëtar të Fraskatit dhe Rregulloren për organizimin, punën, mënyrën e vendosjes, metodologjinë e akreditimit dhe evaluimit, standardet e akreditimit dhe evaluimit, si dhe çështje tejra në lidhje me punën e Bordit të Akreditimit dhe Evaluimit të Arsimit të Lartë („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 151/12), Bordi i Akreditimit të Arsimit të Lartë, në mbledhjen e **38-të** mbajtur më **27. V. 2022**, vendosi si në dispozitivin e këtij Aktvendimi.

**Këshillë juridike:** Aktvendimi për akreditimin e programit studimor është përfundimtar dhe kundër tij mund të dorëzohet padi në Gjykatën Administrative.

Kryetar
i Bordit të Akreditimit të Arsimit të Lartë